МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# ПРЕДЛОГ
# на Закон за вршење на дејности од мал обем

Скопје, октомври 2009 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со овој предлог закон се пропишува поедноставна постапка за регистрација на дејностите од мал обем. Истите ќе се регистрираат во локалната самоуправа, нема да бидат должни да водат сметководство, а плаќањето на данокот ќе се врши на паушална основа.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложениот закон е легализација на оделни активности кои досега беа дел од сивата економија и за истите ќе се воспостави соодветна евиденција во локалната самоуправа.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Прдлогот на Законот за вршење на дејност од мал обем не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не е потребно обезбедувањ на финансиски средства, ниту материјални обврски за оделни субјекти.

П Р Е Д Л О Г на

Закон за вршење на дејности од мал обем

Член 1

Со овој закон се уредуваат видови, условите и начинот на вршење на дејности од мал обем.

Член 2

Видови на дејности од мал обем се:

- трговија на мало со овошје и зеленчук, бижутерија и галантерија, електро и водоводни материјали, канцелариски прибор, метли и производи од трска, текстил и облека, обувки и предмети од кожа, украсни птици, грнчарски производи, кујнски прибори, парфимерија, сувенири, и железарија ;
- уметнички слики и предмети и цвеќе
- продажба на мед,семки, кикирики, леблебии, лешници, фстаци, бадеми, ореви, сувогрозје и друго сушено овошје, пуканки, шеќерна волна, лижавчиња и слични конфекционирани производи;
- продажба на печени и варени костени, конфекциониран сладолед, печени и варени пченки;
- оџарски услуги, чистење на станови, чистење на вариолајт завеси и ролетни, чистење на обувки;
- чување на деца (бебиситер), обука на ученици и студенти во просторија во сопствениот дом; и
- продажба на стари авто делови, стари учебници, книги и списанија.

Дејностите од мал обем ги вршат физичките лица во вид на занимање( во натамошниот текст: вршители на дејности од мал обем), за кои не е задолжително да се вршат во простории или на друг вообичаен начин на кој што ги вршат трговските дејности трговците поединци и трговските друштва, туку се вршат на определени локации или во движење.

По исклучок од став 2 од овој член, дејностите од став 1 алинеја 1, 2, 3 и 7 од овој член можат да се вршат и на посебно организирани пазари и на посебни организирани делови на зелени пазари .

На посебно организирани делови на зелени пазари и на посебно организирани пазари покрај дејностите од став 3 од овој член може да се врши и трговија на мало со: јајца, сирење, домашни преработки (конзервиран зарзават и слатко), кори и кадаиф, доколку дејноста се врши на само едно продажно место и ако истата ја врши вршителот на дејноста од мал обем, согласно условите пропишани во посебните закони.

Член 3

За се она што не е уредено со овој закон во однос на постапката за регистрација на вршителот на дејност од мал обем, доколку со овој закон поинаку не е уредено се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка.

Член 4

Физичко лице може да врши дејност од мал обем, ако е регистрирано за вршење на дејност од мал обем согласно со овој закон.

За регистрирање за вршење на дејност од мал обем, физичкото лице треба да поднесе барање на пропишан образец до градоначалникот на општината, општините на Градот Скопје или Градот Скопје според местото на живеење.

Барање за регистрација на вршител на дејност од мал обем може да поднесе полнолетно лице кое е државјанин на Република Македонија.

Формата и содржината на образецот на барањето од став 2 на овој член го пропишува градоначалникот на општината, општините на Градот Скопје или Градот Скопје.

Барањето за регистрација на вршител на дејност од мал обем треба да го содржи видот на дејноста од мал обем која ќе се врши.

Кон барањето од став 2 на овој член се приложува:

- доказ за обезбедена локација доколку се врши на посебно организирани делови на зелени пазари или на посебно организирани пазари или
- посочување на локацијата на која ќе се врши дејноста од мал обем одобрена од општината, општините на Градот Скопје или Градот Скопје или
- доказ за користење на објектот доколку истиот е во приватна сопственост
- фотокопија од лична карта
- фотографија на барателот.

Член 5

Вршителите на дејности од мал обем не водат трговски книги.

Член 6

Ако се исполнети условите од член 4 од овој закон, градоначалникот на општината, општините на Градот Скопје или Градот Скопје донесува решение за регистрација на вршителот на дејност од мал обем во рок кој не може да биде подолг од три дена од денот на поднесувањето на барањето.

Во решението од став 1 на овој член се наведуваат податоци за барателот на регистрација, видот на дејноста од мал обем за чие вршење се издава решението, локацијата, работното време и начинот на вршењето на дејноста од мал обем.

Градоначалникот на општината, општините во Градот Скопје или Градот Скопје е должен во рок од осум дена од денот на издавањето на решението за регистрација на вршител на на дејност од мал обем, примерок од решението да достави до Централен регистар заради обезбедување на податоци преку едношалтерскиот систем.

Против решението со кое се одбива барањето за регистрација на вршители на дејност од мал обем, во рок од 8 дена може да се поднесе жалба до министерот за економија.

Член 7

За дејностите од мал обем кои што се вршат во определен временски период (сезонски), решението за регистрација на вршител на дејност од мал обем може да се донесе за период кој не може да биде пократок од три месеци.

Член 8

Вршителот на дејноста од мал обем на кого му е издадено решение за регистрација на вршител на дејност од мал обем, дејноста ја врши самостојно а во случај на оправдани причини (поради болест, повреда и слично), преку член на потесното семејство.

Член 9

Врз основа на решението од член 6 од овој закон градоначалникот на општината, општините на Градот Скопје или Градот Скопје издава легитимација, која физичкото лице при вршењето на дејноста е должно да ја носи во себе и да ја истакне на видно место.

Формата и содржината на образецот на легитимацијата од став 1 на овој член ја пропишува градоначалникот на општината,општините на Градот Скопје или Градот Скопје.

Член 10

За издадените решенија за регистрација на вршители на дејност од мал обем градоначалникот на општината, општините на Градот Скопје или Градот Скопје води посебен Регистар на вршителите на дејност од мал обем.

Формата и содржината на Регистарот на вршители на дејност од мал обем како и начинот на неговото водење ги пропишува градоначалникот на општината, општините на Градот Скопје или Градот Скопје.

Член 11

Бришењето во регистарот на вршители на дејност од мал обем се врши:

- по барање на вршителот на дејност од мал обем;
- ако вршителот на дејноста не ја врши дејноста согласно решението;
- ако вршителот на дејноста не ги почитува прописите со кои се определени хигиенско-санитарни, еколошки или други посебни услови за вршење на одредени дејности заради заштита на здравјето на луѓето и животната средина;
- ако друго лице кое не е член на потесното семејство по било кој основ, ја врши дејноста од мал обем наместо вршителот на дејноста од мал обем.

Член 12

Дејностите од мал обем од член 2 на овој Закон можат да се вршат ако вршителот на дејноста од мал обем ги исполни општите и посебните услови определени со закон и друг пропис за вршење на одделна дејност.

Надлежните инспекциски органи проверуваат дали се исполнети условите од став 1 од овој член и за тоа го известуваат градоначалникот на општината, општините на Градот Скопје или Градот Скопје.

Член 13

Дејностите од мал обем можат да се вршат на определени места - локации во населени места, во движење и во соодветна просторија во стан во којшто живее вршителот на дејност од мал обем.

Местото- локацијата од ставот 1 на овој член  каде што може да се вршат дејностите од мал обем  ги определува Советот на општината, општините на Градот Скопје или Градот Скопје под услов да не се загрозува сообраќајот и слободното дижење на сообраќајот и да се обезбеди заштита на животната средина.

Покрај условите од став  2 на овој член Советот на општината, општините на Градот Скопје и Градот Скопје може соодветно на дејноста од мал обем да определи и други посебни услови во зависност од видот на дејноста која се врши.

Определените локации и условите под кои што може да се вршат дејностите од мал обем, градоначалникот на општината, општините на Градот Скопје или Градот Скопје ги објавува преку средствата за јавно информирање и на огласната табла на општината, општините на Градот Скопје или Градот Скопје.

Локацијата на која ќе се врши дејноста од мал обем не може да изнесува повеќе од 6м2  и истата  треба да биде видно обележена.

Вршителите на дејности од мал обем  во пазарните денови од неделата, како и за време на одржување на саемски манифестации и панаѓури, можат дејноста  од мал обем, со исклучок на трговија на мало со производи од животинско потекло, да ја вршат  и на други локации и пазари во земјата, под условите определени во други општини.

Дејноста од мал обем може да се врши и на сопствено земјиште во приватна сопственост  на барателот за вршење на дејност од мал обем или на туѓо земјиште со согласност на сопственикот доколку се исполнат условите од став 2 на овој член.

Член 14

Работното време во кое може да се вршат дејностите од мал обем го определува Советот на општината, општините на Градот Скопје или  Градот Скопје во зависност од видот на дејноста од мал обем.

Член 15

Начинот на користење на локацијата на која се вршат дејности од мал обем го определува Советот на општината, општините на Градот Скопје или Градот Скопје.

Член 16

Вршителот на дејност од мал обем плаќа данок согласно Законот за персонален данок на доход.

Член 17

Вршителот на дејност од мал обем плаќа придонеси за социјално осигурување согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

Член 18

Вршителот на дејноста од мал обем плаќа паричен надоместок за користење на доделената локација согласно Законот за комуналните текси, во висина на комуналната такса  за користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места, со цел за изложување предмети и трговска стока за вршење дејност од мал обем.

Член 19

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за економија.

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон вршат Државниот пазарен инспекторат, Дирекцијата за храна, Управа за ветеринарство и надлежните инспекциски органи на единиците на локалната самоуправа, согласно нивните надлежности утврдени со посебен закон.

Член 20

Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице ако:

-врши дејност од мал обем без да е регистриран во соодветниот регистар (член 6 став1 )

-не се придржува на работното време утврдено во решението (член 6 став 2)

- легитимацијата не ја носи во себе и не ја истакне на видно место (член 9 став 1).

Член 21

Државниот пазарен инспекторат може да изрече глоба на самото место во висина од 100 евра во денарска противредност за прекршоците утврдени во член 20 од овој закон.

Член 22

За прекршоците од член 20 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува Државниот пазарен инспекторат.

Член 23

Актите предвидени со овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од 3 месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 24

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИ ОД МАЛ ОБЕМ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлогот на Законот за вршење на дејности од мал обем се наметна поради потребата да се канализираат оделни дејности, односно да се регулират работењето на дејностите кои се вршаат на пазарите како и на оделни услужни дејности кои досега не беа регистрирани за вршење на нивната дејност.
Со овој предлог на закон се пропишува поедноставена постапката за регистрација на трговските дејности од мал обем. Истите ќе се регистрираат во локалната самоуправа, нема да бидаат должни да водат сметководство, а плаќањето на данокот ќе се врши на паушална основа.
Со законот ке се овозможи да се легализираат одделни активности кои досега беа дел од сивата економија и за истите да се воспостави соодветна евиденција во локалната самоуправа.
Предлогот за донесување на овој закон е во насока на напредок во сузбивањето на сивата економија, нелегалната трговија, нелојалната конкуренција и нерегистрираното вршење на трговија.
Содржината на Законот за вршење на дејности од мал обем е систематизирана во 7 делови со вкупно 24 членови.
Во првиот дел се дадени општите одредби ( од член 1 до член 2)
Во овој дел е опишан предметот и видовите на дејности од мал обем, односно се определува кои се дејности од мал обем.
Како дејности од мал обем се определени: трговија на мало со овошје и зеленчук; трговија на мало со бижутерија; галантерија и позамантерија; уметнички предмети и слики; сувенири и сл.; давање на услуги; односно оџачарскиуслуги; чистење на станови; чистење на обувки; чување на деца ( бебиситери); обука на ученици и студенти во просторија во сопствен дом.
Дополнително на организираните пазари покрај овие дејности можае да се врши и трговија на мало со : јајца, сирење, домашни прерботки ( конзервиран зарзават и слатко), кори и кадаиф, но само доколку се вршат на само едно продажно место и ако дејноста ја врши самиот барател.

Вториот дел ( од член 3 до член 10) го обработува начинот и условите под кои може да се изврши регистрација на вршител на дејност, органот пред кого истото се врши, роковите и актот со кој единицата на локална самоуправа ќе изврши регистрација на вршителот на дејност од мал обем и нејзината обвраска за водење на регистар на вршители на дејност. Предвидена е многу едноставна и брза постапка за регистрација, потребно е само физичкото лице кое сака да врши дејност од мал обем да е полнолетно и државјанин на РМ.

Третиот дел (од член 11 до член 12) ги уредува причините поради кои може да се изврши бришење во регистарот на вршители на дејност од мал обем и обврската на вршителите на дејност од мал обем да ги почитуваат општите и посебните услови определени со овој закон.

Четвртиот дел од предлог законот ( член 13) содржи одредби со кој се определени местото-локацијата каде овие дејности можат да се вршат. Местата-локациите каде ќе можат да се вршат овие дејности, оставено е да си ги определат општините, врз основа на критериуми и услуви кои дополнително самите ќе ги пропишат ( Ова се однесува на уличните тезги, а не и на организираните пазари).

Петтиот дел ( од член 14 до член 19) ги обработува работното време во кое може да се врши дејност од мал обем, начин на користење на локацијата, како и начинот на плаќање данок за вршење на дејност од мал обем и надзорот над спроведувањето на овој закон.
Работното време во кое може да се вршат дејностите од мал обем, како и начинот на користење на локацијата на која се вршат дејности го определува Советот на општината, општините на Градот Скопје или Градот Скопје.
Исто така овој дел содржи упатувачки одредби за примена на соодветните (посебни) закони на условите и начинот на плаќањето на данокот, придонесите за вршителите на дејност од мал обем како и плаќањето на надоместок за користење на локација за вршење на дејност од мал обем.
Шестиот дел (од член 20 до член 22) ги опфаќа прекршочните одредби, односно видот на прекршоците и висината да глобата која ќе се изрече на физичкото лице доколку во своето работење не постапува согласно одредбите утврдени со овој закон, како и органите кои се надлежни за постапување по иститe.
Седмиот дел (од член 23 до член 24) ги содржи преодните и завршни одредби, односно рокот за донесување на подзаконските акти (најдоцна 3 месеци) и одредбата за влегување во сила на законот.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби во законот се меѓусебно поврзани во одделни взаемни решенија во самиот Закон. Во одделни решенија од Законот се користат упатувачки одредби за примена на други закони, пред се Законот за персонален данок на доход, Законот за задолжително социјално и пензиско осигурување и Законот за комунални текси.
Од Законот произлегува донесување на подзаконски акти со кои ќе се пропишат: формата и содржината на барањето за регистрација на вршител на дејност, формата и содржината на образецот на легитимацијата, формата и содржината на регистарот кој ги донесува градоначалникот на општината, општините на Градот Скопје или Градот Скопје.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон , се овозможува вршителите на дејности од мал обем кои не се регистрирани за одделни услужни дејности да се легализираат, со поедноставена постапка на регистрација во локалната самоуправа, при што истите нема да водат трговски книги и ќе се оданочуваат паушално согласно Законот за персонален данок на доход. Предложеното решение треба да доведе до намалување на сивата економија, нелојалната конкуренција и нерегистрирано вршење на дејности од мал обем.